Инфекции - вирусни



# Заразен полип

## Важни работи

- **Заразниот полип (molluscum contagiosum) е вирусна инфекција на кожата**
- **Израстоците обично се јавуваат во топлите влажни места на кожата околу половите органи, околу чмарот или во пазувите**
- **Истовремено со израстоците може да се јави и воспаление на кожата, или израстоците може да бидат полоши кога детето е склоно кон воспаленија на кожата**
- **Повеќето полипни израстоци исчезнуваат во рок од 6 до 9 месеци без никакво лекување, и не оставаат лузни**

## Што е тоа?

Заразниот полип е вирусна инфекција што може да се јави кај луѓе на било која возраст. Тој предизвикува создавање на мали брадавици слични на грутки на површината на кожата. Тоа се сјајни, бисерно бели израстоци со централно јадро. Бројот на израстоците може да биде многу различен, од само 3-4 до 50-60 понекогаш.

Израстоците на заразниот полип може да се јават на било кој дел од телото, но најчесто се јавуваат околу половите органи, чмарот, во пазувите или странично на телото. Тие обично се полоши кај децата што имаат воспаление на кожата. Воспалението на кожата може да се јави околу израстоците и да го натера детето да се чеша и уште повеќе да ги рашири. Израстоците постепено исчезнуваат како што се развива природната отпорност на телото кон вирусот. Тоа може да трае од неколку недели до неколку години. Повеќето израстоци исчезнуваат во рок од 6 до 9 месеци. Тие може да траат подолго кај деца што се склони кон воспаление на кожата.

## Како се спречува?

Заразниот полип е вирусна инфекција што се пренесува од едно дете на друго. За да се спречи ширењето на вирусот, заразеното дете треба да избегнува базени за пливање и да не се капе во иста када, да не користи исти крпи за тело и лице со другите деца во куќата.

## Како се лекува?

Лекување не е потребно во најголемиот број случаи на заразни полипи, зашто состојбата се подобрува без никакво лекување и не остава никакви лузни. Ако израстоците почнат да се воспалуваат или да болат, лекарот може да препорача лекување. Воспаленијата на кожата може да се лекуваат со благи кортизонски кремови. Понекогаш лекарот може да ги замрзне израстоците со течен азот. Меѓутоа, бидејќи тие израстоци исчезнуваат сами од себе без да оставаат лузни, важно е да не се користи никакво лекување што создава долготрајни

лузни. Ако има само неколку израстоци, тие може да исчезнат побрзо ако се покријат со лепливиот дел на фластерот за ранички што треба да се менува секој ден.

**Натамошни информации**

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent's Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.